РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 01-383/8
30.07 2025 год.
СКОПЈЕ-ЦЕНТАР

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018) и , („Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас број 540/2025 и Предлогот од Агенција за администрација за вработување на кандидат по јавен оглас 540/2025 со број 10-1399/8 од 29.07.2025 Директорот на Општинско основно училиште „Кочо Рацин“- Скопје на ден 30.07.2025, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за вршење избор на 1 извршител – кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас 540/2025 за работно место сметководител, советник за финансиско,сметководствено и материјално работење

Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник ОБН0102В01011 советник за финансиско, сметководствено и материјално работење сметководител, одделение за финансии и сметководство, Административна служба, објавен на ден 20.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работно место, избран е кандидатот **Снежана Ристовска ,** со идентификационен код ВЕ685Е8.

По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Оваа одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на објавениот оглас број 540/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Општинското Основно Училиште „Кочо Рацин“- Скопје објавен на ден 20.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работно место советник за финансиско,сметководствено и материјално работење сметководител, одделение за финансии и сметководство, Административна служба,Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр.10-1399/3 од 01.07.2025 и решение за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија бр. 10-1399/5 од 24.07.2025 од Агенцијата за администрација, ја спроведе постапката за вработување која се состои од административна селекција Записник од извршена селекција бр.10-1399/4 од 09.07.2025 испит за административен службеник,Записник од спроведен испит бр.10-1399/6 од 24.07.2025 проверка на веродостојноста на докази и интервју со Записник бр.10-1399/7 од 29.07.2025 изготви конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и до Директорот достави Предлог за вработување на кандидати со број 10-1399/8 од 29.07.2025 година.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници(„Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018) и , („Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/22 и 208/24), Директорот на Општинското Основно Училиште „Кочо Рацин“- Скопје по разгледување на приложената ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Упатство за правно средство: Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор

Гордана Јаневска

-------------------------------------------

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ КОЧО РАЦИН РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ЦЕНТАР